# 108. ДОНКА ГРЛО ЈА БОЛЕШЕ

*Рубато* ♩= 100




Донка грло ја болеше,
никој Донка не веруе,
Ни свекрва, ни јатрва,
кој верује не е тука.

Донка прати едно писмо,
Брзо да си дојдеш Милан.
Милан јавна брза коња,
си кинаса каде дома.

Не се врна во меана,
си нарача чаша вино:
Турај вино, немерно,
давам пари неброени...

На пат сретна копачите,
па им вели, ем говори:
Ој копачи, мили браќа,
копајте гроб за двамина.

На пат сретна носачите,
па им вели, ем говори:
Ој носачи, мили браќа,
оставете бела Донка.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995